Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

11

Архивски број: 11-1557/2

Дата: 08.05.2017

ДО: Кабинет на министерот
Министер, Bashkim Ameti
- тука

ПРЕДМЕТ: Достава на Извештај од комисијата за изработка на извештајот за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проект:„Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.

Почитуван г-дин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот од комисијата за изработка на извештајот за соодветност за Проект:„Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска

**в.д. Директор на**
**Управа за животна средина**
**Тони Мартиноски**

Прилог:

- Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врзживотната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.

Buy VueScan now! www.hamrick.com

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број:
Дата: _______________

ДО: Кабинет на министерот
Министер, Bashkim Ameti
- тука

ПРЕДМЕТ: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје на ден 04.04.2017 година изготви

**И З В Е Ш Т А Ј**

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", изработена од „ Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје и м-р Драги Пелтечки одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина и експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје.

Buy VueScan now! www.hamrick.com

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Со проектот инвеститорот предвидува експлоатација, подготовка и концентрација на руда на бакар со содржина на злато, сребро и молибден од наоѓалиштето Иловица во близина на селата Штука и Иловица, во општината Босилово. Годишно се очекува експлоатација на 10 милиони тони руда на бакар.

Локацијата на наоѓалиштето Иловица се наоѓа на територијата на општината Босилово, во југоисточниот дел на Република Македонија, на оддалеченост од околу 7,5 km западно од границата со Р. Бугарија и на околу 16,5 km северно од границата со Република Грција. Поточно, локалитетот Иловица е лоциран на југозападните падини на планината Огражден во непосредна близина на селата Иловица и Штука.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, отпад, ерозија, бучава, вибрации, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, и непредвидени незгоди (хаварии) во глава 5, глава 6, глава 7 и глава 8 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни, изготвен е План за мониторинг на животната средина и социјалните аспекти.

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица“ во Општина Босилово и Општина Ново Село“, поради заштита на почвата и подземните води, земајќи во предвид дека станува збор за земјоделски регион, за кој од исклучителна важност е обезбедувањето на високо ниво на квалитет на површинските, подземните води и почвите му предлага на инвеститорот да направи превентивен мониторинг на водите како и на почвите за кои во годините пред да отпочне со експлоатација и тој мониторинг да продолжи како задолжителен и понатаму, со што јасно ќе се дефинираат влијанијата на рударењето на Рудник „Иловица“. Извештаите да бидат изготвени од независна акредитирана лабораторија на квартално ниво, и истите да бидат доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Buy VueScan now! www.hamrick.com
Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", му предлага на инвеститорот при изградбата на хидројаловиштето поради заштита на почвата и подземните води да изведе заштита на севкупната површина на истото. Заштитата да се изведе со:

-Поставување на глина или вештачка глина на база на натриум;

- Поставување на геомембрана;

- Поставување на геотекстил.

За вградените материјали задолжително да се приложат сертификати од независна акредитирана лабораторија, со која се потврдува дека истите ги задоволуваат пропишаните параметри за одлагање на отпад од рудници.

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на Проект: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот „Иловица" во Општина Босилово и Општина Ново Село", во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на влијанија врз животната средина и природата.

**Комисија:**

1. Александар Петковски ____________________
2. Влатко Цветаноски ____________________
3. Илбер Мирта ____________________
4. Фатос Балиу ____________________
5. Назим Алити ____________________
6. Владо Атанасовски ____________________

Buy VueScan now! www.hamrick.com

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com